СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

За потребите на проектот **GROWTH4BLUE** во рамки на ИНТЕРРЕГ ИПА АДРИОН Програмата подржана од Европска Унија и имплементиран од Сојузот на стопански комори**,** врз основа на Договорот за грант, Сојузот на Стопански Комори на Македонија објавува:

# ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ бр. 05/2026

**Предмет на набавка:** Ангажирање на надворешни консултанти (Консултанти за Човечки Ресурси, Економисти за пазар на труд, Менаџмент Консултанти, Консултанти за Туризам и Плава Економија) за тестирање на сценарија за употреба (use cases) за евалуација на онлајн алатка за екстракција на информации од портали за вработување.

## 1. Општи информации

Сојузот на Стопански Комори на Македонија (ССКМ), како проектен партнер во проектот **GROWTH4BLUE**(ИНТЕРРЕГ ИПА АДРИОН), објавува повик за набавка на консултантски услуги за потребите на техничка и мета-дата евалуација на проектните алатки кои ќе ги обезбеди Проектниот Партнер PP2, UoP.

## 2. Опис на услугите

Набавката вклучува активности за тестирање и евалуација врз основа на инструкциите на Проектниот Партнер 2 (PP2):

- **Тестирање на „use cases“:** Спроведување на сценарија за употреба за евалуација на онлајн алатката за екстракција на информации.
- **Анализа и евалуација:** Компаративна евалуација на резултатите добиени од алатката.
- **Останати услуги:** по барање на Водечкиот Партнер или ССКМ (во овој домен на анализа)
- **Соработка:** Работата се одвива согласно насоките на PP2 и Проектниот тим на ССКМ.

## 3. Квалификациски критериуми

Понудувачот треба да ги исполнува следните услови:

- **Профил:** Консултант за Човечки Ресурси или Консултант, Економист за Пазар на Труд, Консултант за Туризам, Менаџмент Консулант.
- **Образование:** Високо образование (Магистратура или докторат во областа на економијата, туризмот или ИТ анализа на МЕТА ДАТА ќе се смета за предност).
- **Работно искуство:** Минимум **10 години** искуство во делот на економијата и економските анализи. Искуство со анализа на МЕТА ДАТА (Meta Data) се смета за значајна предност.
- **Специфични способности:** Докажана аналитичка способност преку учество во меѓународни или државни проекти и високи вештини за компаративна евалуација.


СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

**4. Период на спроведување и цена**

- **Период:** Услугите се извршуваат по барање на нарачателот во периодот од март 2026 година заклучно со Февруари 2027г (екстензија на овој период е можна во зависност од барањата на водечкиот партнер и одредени одложувања на овие проектни активности од страна на Проектниот Партнер 2).

- **Цена:** Цената е договорна, базирана на искуството на понудувачот, при што минималната понудена цена не треба да биде под 10.000,00 МКД месечно (бруто износ со персонален данок).

- **Исплата:** Квартално (или по исклучок месечно) по доставен и прифатен извештај за сработеното.

**5. Начин и рок на доставување на понудите**

- **Документи:** Кратка биографија (CV) со наведени три референци (име, институција, контакт).

- **Е-пошта:** info@chamber.mk.

- **Наслов:** За Повик 05/2026 – проект Growth4Blue (Консултант за евалуација).

- **Краен рок:** 21-ви февруари 2026 година до 14:00 часот.

**6. Модел на евалуација**

Изборот ќе го изврши тричлена комисија од Проектниот тим на Проектот Growth4Blue според следните критериуми:

- Образование: 40 поени.

- Искуство (вклучително анализа на МЕТА ДАТА и проекти): 50 поени.

- Понудена цена: 10 поени

- **ВКУПНО 100 поени**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-поштата на ССКМ на info@chamber.mk или најдоцна до 19ти Февруари (Четврток) 2026 година

**Драган Пехчевски**

**Проектен Менаџер на Проектот Growth4Blue**

**Сојуз на Стопански Комори Македонија**



СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА